Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 11.11.2020

На 10.11.2020 околу 22.30 часот, во с.Долна Бањица, гостиварско полициски службеници на Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода Р.С.(19) од Гостивар, поради постоење основано сомнение дека извршил кражба во објект во близина на гостиварскиот голем пазар. Лицето е задржано во Полициската станица Гостивар за понатамошна постапка и расчистување на случајот.

На 10.11.2020 во 21,20 часот во СВР Скопје, П.Ш.(47) од Скопје пријавил дека на бул.„Трета Македонска Бригада" бил каснат од куче скитник.

Полициски службеници од Полициска станица за безбедност на патниот сообраќај-Тетово продолжуваат со засилени контроли во јавниот превоз на патници. Во вчерашните активности биле откриени и санкционирани пет возила без лиценца за вршење на ваков вид превоз и на нивните сопственици изготвени им се соодветни кривични пријави.Во рамките на овие активности, исто така, биле откриени и санкционирани и пет лица кои ги управувале возилата без положен возачки испит и валидна дозвола за тоа, двајца возачи-почетници кои не се придржувале на законските ограничувања и други видови сообраќајни прекршоци.

На 10.11.2020 полициските службеници од Секторот за внатрешни работи Битола ,на подрачјето на СВР Битола извршија контрола на возачите при што констатирано е дека тројца возачи управувале возило под дејство на алкохол при што истите се отстранети од сообраќај. Без возачка дозвола управувале шест возачи, а други девет возила биле нерегистрирани. На мобилен телефон разговарале четворица возачи, брзината ја надминал еден возач.За сите неправилности издадени се соодветни налози.

На 10.11.2020 околу 12.30 часот во Полициска станица Ресен било пријавено дека на ул.,,Мите Трајчевски" во магацин за складирање јаболка настанал пожар при што биле зафатени и кровната конструкција и куќа во сопственост на И.М. и Ж.М. двајцата од Ресен. Бил опожарен и трактор „Фергусон ИМТ 539", дрвена конструкција од настрешница, дел од покрив и 700 гајби со јаболка. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа на Полициска станица Ресен.

На 10.11.2020 во 17.20 часот на магистрален пат А-2 од Струга кон с.Подмоље, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „рено лагуна" со вевчански регистарски ознаки, управувано од В.М.(23) од Вевчани и трактор „ИМБ 558", управуван од С.А.(68) од Струга. Во незгодата С.А. се здобил со тешки телесни повреди и бил пренесен во Медицински центар Струга за укажување на лекарска помош. Увид на место извршила увидна екипа на Полициска станица Струга.

На 10.11.2020 околу 20.45 часот во угостителски објект во с.Добридол,гостиварско сопственост на Н.Р.(51) од с.Добридол, при акциска контрола од полициски службеници од Одделение за внатрешни работи Гостивар, била приведена А.Н.(20) од Р.Украина поради злоупотреба на туристички престој. Лицето е предадено на полициски службеници од Полициска станица Гостивар, за понатамошна постапка.

СВР Тетово поднесе кривични пријави против петнаесет сторители и тоа: Х.И. (60), Б.В.(55), С.П.(60) тројцата од Тетово, И.О.(31), Б. Б. (47), двајцата од с. Пирок, Ш.И.(59) од с.Д.Палчиште, С.Е.(34) од с.Добарце, М.М.(53) од с.Г.Палчиште, М.М.(30) од с.Калник, О.М.(20) од с.Непроштено, В.М(48) од с.Беловиште, Д.В.(58) од с.Рогачево, Љ.К. (53) од с.Старо Село, С.И. (38) од с.Голема Речица, и Н.Н(56) од с.Боговиње поради постоење основи на сомнение за сторени петнаесет кривични дела „вршење на јавен превоз без поседување на лиценца". СВР Тетово од 29.09.2020 до 03.11.2020 спроведе повеќе акциски контроли со цел утврдување нерегларности во вршењето на јавен превоз при кои било констатирано дека горепријавените лица во својство на превозници, вршеле јавен превоз, без да поседуваат соодветна лиценца за вршење јавен превоз на патници во патниот сообраќај.

На 10.11.2020 во 09.20 часот во СВР Скопје, Г.С.(41) од Скопје пријавил дека околу 08.30 часот во Фондот за здравствено осигурување на подрачје на Центар, додека извршувал работни задачи како обезбедување бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.11.2020 во 22,45 часот во Куманово од полициски службеници од СВР Куманово бил лишен од слобода И.М.(34) од Куманово бидејќи кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 10.11.2020 во 12,00 часот од полициски службеници од СВР Скопје бил лишен од слобода М.Г.(62) од Скопје. На 10.11.2020 во 08,34 часот во полициска станица, 29 годишна жителка од Скопје, пријавила дека на 09.11.2020 во 22,00 часот во семејна куќа во Скопје врз неа била извршена обљуба и во неколку наврати физички нападната, од нејзинот татко М.Г. Лицето е задржано во Полициска станица Кисела Вода за понатамошна постапка.

На 10.11.2020 во 21,23 часот, во СВР Скопје било пријавено дека во комплекс клиники „Мајка Тереза" бил донесен повреден А.О.У.(29) од Р.Турција, кој престојувал во Скопје, при што кај истиот биле констатирани тешки телесни повреди со кои се здобил при физички напад на подрачје на Центар од неколку лица, а при нападот едно од лицата му нанело убодни рани со остар предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.11.2020 во 12.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Градската општа болница "Наум Охридски"-Скопје, бил донесен М.М.(27) од Скопје, кај кого од доктор биле констатирани тешки телесни повреди. По кажување на неговиот сосед З.Ш.(60) од Скопје, околу 06.40 часот го забележал М.М. како паднал и се здобил со повреди. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Одделение за внатрешни работи Радовиш поднесе кривична пријава против К.К. од с.Јаргулица, поради постоење основано сомнение дека сторил кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 04.10.2020 околу 09,00 часот од полициски службеници од Надворешната канцеларија за криминалистички работи Радовиш и Полициска станица Радовиш, на локалниот пат с.Подареш-с.Смиланци при извршен контрола на патничко моторно возило „Лада" во кое како сопатник се превезувал пријавениот и при преглед на возилото била пронајдена ловна пушка „застава", кал. 16 мм, за која пријавениот кажал дека е негова сопственост, но истиот не покажал соодветна документација за истата.

На 10.11.2020 во 17.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека, во спортска обложувалница во населба Ново Лисиче во Скопје, едно лице со закана од вработен одземал пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет